**Известување за концентрација со која АЛПЕ ГЕФ ЗОБ, друштво за инвестиции, д.о.о., Словенија ќе стекне контрола над ОртоДентал, стоматолошка дејност и стручно советување д.о.о., Словенија**

**(предмет бр. 08- 147 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24), на ден 04.11.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на контрола од страна на АЛПЕ ГЕФ ЗОБ, друштво за инвестиции, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија („АЛПЕ ГЕФ ЗОБ“), над ОртоДентал, стоматолошка дејност и стручно советување д.о.о., со седиште на Вилхарјева цеста 42, 1000 Љубљана, Словенија (**„**ОртоДентал”-целно друштво).

Трансакцијата ќе се спроведе врз основа на Договор за купопродажба на деловен удел од 18.10.2024 година во Целното Друштво, склучен помеѓу АЛПЕ ГЕФ ЗОБ и како Купувач и физичкото лице Гордана Чижмек како Продавач на 51% удел од основната главнина на Целното Друштво.

-АЛФИ ПЕ е најголемиот менаџер на приватни инвестициски фондови со седиште во Словенија. Истиот управува со 2 приватни инвестициски фонда: АЛФИ ПЕ д.о.о., СИС к.д. и АЛФИ ПЕ Гроут СИС д.о.о. к.д. Подносителот е во 100% сопственост на АЛФИ ПЕ ГЕФ ГП д.о.о & АЛФИ ПЕ Гроут СИС д.о.о. к.д.

Регистрирана дејност на Подносителот е: активности на управување со фондови.

**-АЛФИ Групата** моментално има 1 поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6577857 со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со друга стока за домаќинства.

**-ОртоДентал стоматолошка дејност и стручно советување д.о.о.** е стоматолошки центар кој обезбедува различни стоматолошки услуги и процедури, специјализиран за Invisalign невидливи протези и имплантологија. Регистрираната дејност на Целното Друштво е дејност на стоматолошка ординација.

ОртоДентал нема поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија, ниту има остварено промет во 2023 година на пазарот на Република Северна Македонија.

Предложената Концентрација се однесува на пазарот на стоматолошка заштита.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

05.11.2024 година

Скопје